СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десетото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

74 (СЕДУМДЕСЕТ И ЧЕТВРТА) СЕДНИЦА, X ПРОДОЛЖЕНИЕ

ОДРЖАНА НА 8.октомври 1997 г.

1. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 2

2. ГОШЕВ ТУШЕ 19, 20

3. КОЦЕВСКИ АЦЕ 7, 8, 17

4. КАРОВ ЗВОНКО 12

5. МИНОВ ПАНЧО 9, 21

6. ПОПОВСКИ ЉУПЧО 6, 8

7. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1

8. ПОПОВСКИ НИКОЛА 9

9. РАМАДАНИ САЛИ 20

10. СИМЈАНОВСКИ НАУМ 11

11. СТВЕЗОВСКИ ЃОРЃИ (ги прозива пратениците) 13, 22

12. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 16, 17, 22

13. ФИЛИПОВСКИ БЛАГОЈА 5

Т.10-стр.1 Т.21-стр.16

На пратеникот АРБЕН ЏАФЕРИ му е одземен мандатот.

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Десеттото продолжение на Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 8 октомври 1997 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала I, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се преброиме за да видиме дали имаме услови за завршување на двете точки од заостанатата седница.

Во сала та имаме 88 пратеника, според тоа постои услов да гласаме за преостанатите две точки.

Продолжуваме со работа по Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат повеке од 2/3 од вкупниот број пратеници во Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува по Предлогот на законот за извршната постапка и Предлогот за одземање на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија г-дин Арбен Џафери.

Преминуваме на 10-та точка од дневниот ред - Предлог на закон за извршната постапка.

Бидејќи го заклучив претресот по текстот на Предлогот на законот, преминуваме на гласање.

Господинот Шапуриќ бара деловничка интервенција.

I/2.- СП/МЈТ

Почитуван претседателе, почитувани пратеници со оглед на тоа дека навистина се создадени услови овие две точки да бидат ставени на гласање, ние сметаме дека по Предлогот за одземање на мандатот на пратеникот Џафери треба да се гласа сега, а бараме да се одложи гласањето на Предлог-законот за извршна постапка (негодување во салата) момент, ќе ви објаснам, поради тоа што ние како политичка партија Либерално-демократска партија ниту како пратеничка група не сме повикани на консултации од страна на позицијата. Ние бараме да се одложи само од тие причини затоа што не сме повикани на консултацијата за да гласаме по законот за извршна постапка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот не го прифаќам.

Кој е за предложениот закон, молам да крене рака? (69 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (11 пратеници).

Констатирам дека....

Господинот Гештаковски бара деловничка интервенција.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Согласно Деловникот сакам да укажам деловнички дека до сега во овој Парламент за овие седум години ваква деловничка или политичка глупост не е изнесена, како што изнесе претставникот на Либерално-демократската партија.

Вие сте свесни дека законот за извршна постапка ја помина првата фаза во која се утврдуваше потребата од донесување, основите,

начелата на тој закон и во една расправа ги утврдивме во работните тела, во Законодавно-правната комисија во која учествуваат, барем оние пратеници кои малку се разбираме во правната работа и во овој состав сигурно овие луѓе сме избрани од сите пратенички групи) и за тој закон беше доставена целосна согласност, пред се од пратениците на Либерално-демократската партија. Истото тоа се случи на пленарната седница по Предлогот за донесување на законот. Забелешките, мислењата беа доставни до предлагачот и во форма на Пред лог на закон расправаа пак работните тела и матичното тело. Луѓето, особено се однесува на Либерално-демократската партија кои ги почитувам како правници со своите знаења дадоа целосна поддршка, го поддржаа законот со констатација дека треба да се донесе, има потреба. На пленарната седница, вие се сеќавате добро, законот помина без расправа со исклучок како јас претставник од Законодавно-правната комисија и лично станав да го поддржиме и укажавме и сега укажувам не во интерес на функционирање, изградба на правниот систем, не во интерес на одредени меѓународни поддршки и условувања, во интерес на граѓаните, во интерес на неостварување на своите егзистенцијални права, права на доверителите и должниците, му беше дадена целосна поддршка на овој закон и сега наеднаш истакнуваат вон, се извинувам што така укажувам на инсистирањето на претставникот . на Либерално-демократската партија, не биле повикани на консултација.

Видете, почитувани пратеници ова е Парламент, законодавен и претставнички дом каде секој си ги изнесува своите мислења, ставови и тоа го изнесува преку гласање. Нема никаква логика во целиот период на донесување ни една забелешка, сега наеднаш нема орган над највисокиот орган - законодавниот дом кој може, кој е тој орган? Не е ни претседателот на Собранието, не е ни Претседателот на Републиката,

ова е орган кој носи закони. Не сакам да навлегувам во ставот кој го изнесе претставникот и со гестот на негласање на овој закон, тие можат да изнесуваат политички ставови, политичките ставови се против граѓаните.

Постапувајќи согласно Деловникот барам поддршка од де- сет пратеници да се изјасниме поединечно и по тој дел да кажеме, ќе го повикам претставникот зошто не гласа, аргументите што се искажа- ни не држат ни малку.

(Пратеникот Шапуриќ бара реплика).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе ви дадам реплика. Има 10 пратеници, пред да помине- ме на поединечно-изјаснување, реплика за господинот Шапуриќ.

Молам секретарот да се подготви за поединечно изјаснување,

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници не се работи за никаква политичка глупост, тоа може вам да ви се чини, а пратениците од Либерално-демократската партија поднесоа безброј закони во интерес на граѓаните, тие не беа прифатени од вас. Може да посведочи севкупната македонска јавност. Инаку, да ви кажам, ток- му од причините поради тоа што бевме свесни за потребата од усвојување на овој закон баравме да се одложи гласањето на овој закон. Од кои причини? Кога се формираше последната Влада со 80 и нешто гласови, беше кажано дека позицијата има доволно мнозинство, фактички дури и повеќе од претходната Влада, значи над 80 гласа и дека воопшто не ја интересира работата на опозицијата и мислењата и ставовите на опозицијата. Во конкретниот случај (галама во салата) ве молам...

I/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место да дофрлувате.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Во конкретниот случај точно е тоа дека е ова законодавен дом, како што рече господин Гештаковски, меѓутоа, не можеме да избегнеме дека овој дом е составен од претставници на политички парии. Затоа по вакви крупни прашања е нужен политички договор, однос но консензус. Нашата партија по икс број прашања не само по ова прашање, инсистирав веќе подолг период на дијалог и на консензус и помеѓу позицијата и опозицијата, бидејќи сме ние една од ретките држави каде немаме консензус по одредени прашања, па дури ни по ова. Не е вина во опозицијата затоа што не постои волја за дијалог од позицијата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам секретарот да помине на поединечно гласање.

Господинот Филиповски бара деловничка интервенција.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Јас би замолил, пред да поминеме на гласање, да направиме пауза од половина час евентуално да најдеме начин да излеземе од овој ќорсокак, бидејќи мислам дека е во интерес на Република Македонија да го донесеме овој закон. Ќе речам само една работа со овој гест што сега го направија пратениците од Либерално-демократ- ската партија како да ја фрлија во вода и следната точка - Интерпелацијата против претседателот. Тоа мораме да го констатираме бидејќи повод за таа Интерпелација беше токму донесувањето на овој закон и гласањето за Арбен Џафери. Мислам дека има потреба околу тоа да седнеме и да поразговараме и барам половина час пауза.

I/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза до 13,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 12,55 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,20 часот)

Имаме 84 пратеника во салата во моментот, а во меѓувреме можеби ќе дојде уште некој, бидејќи ќе одиме на поединечно гласање. Молам секретарот да помине на поединечно гласање.

Пред тоа господинот Поповски има деловничка интервенција

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, бидејќи во претходната расправа беше поставено прашањето од страна на претставниците на Либерално-демократската партија околу потребата од политички консултации, соработка и слично, сакам да го изјавам следното:

Ние како Социјалдемократски сојуз како од секогаш така и во иднина стануваме отворени за соработка особено кога станува збор за прашања од државен карактер како во рамките на работата на самото Собрание на Република Македонија, така и на политичко ниво. Тоа впрочем на некој начин го констатиравме на паузата со претставниците на координаторите на пратеничките групи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам секретарот да помине на поединечно гласање.

Деловничка интервенција на господинот Коцевски.

I/7.-

Нема никаков проблем, мислам дека господинот Поповски го соопшти тоа што е предмет на договор со координаторите на пратеничките групи.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас се извинувам што повторно се јавувам на говорница иако ние како партија и пратеничка група имаме прилично лошо искуство од најави и намери кои потоа можат да бидат не спроведени до крај така како што треба, сепак инсистирам во име на пратеничката група претставникот на Социјалдемократскиот сојуз дословно да се изјасни така како што се договоривме ако треба да ги почитуваме договорите, а договорот беше следен дека СДСМ прифаќа дијалог, прво за сите прашања врзани за работата на Собранието на Република Македонија и статусот на опозицијата во него и на партиско ниво за сите прашања кои се од витален државен карактер за Република Македонија, вклучувајќи ги и прашањата врзани со следните парламентарни избори и дека дијалогот по тие прашања ќе започне на највисоко ниво меѓу партиите уште во текот на утрешниот ден. Тоа беше договорот што беше постигнат затоа што договорот не е овде презентиран компромисот така како што се договоривме, јас инсистирав тоа да биде направено, во спротивно повторно ќе барам пауза во име на пратеничката група на ЛДП свесен за тежината и значењето на овој законски проект.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам јас сакам да ви соопштам дека како претседател на Собранието, потпретседателите и координаторите на пратеничките групи се договоривме апсолутно од утре да почне дијалог за подобро функционирање на Собранието по сите прашања.

Значи, тука нема дилеми, шефот на пратеничката група на СДСМ исто така соопшти дека пратеничката група е подготвена да почне тој дијалог веднаш дури на највисоко ниво. Тоа значи нема никакво разидување во однос на интерпретацијата ваша и на шефот на пратеничката група на СДСМ. Ова го соопштувам и како резултат на договорот што го направивме со координаторите на пратеничките групи. Според тоа, овде ќе бидеме во ова Собрание и нема смисла, ќе се гледаме и постојано ќе разговараме, ако некој мисли дека се бега од договорите, ако треба нешто попрецизно...

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, морам да кажам дека тоа што вие го кажавте се разликува во прилична мера од тоа што го кажа господинот Љупчо Поповски, еве имаме и други кои беа присутни на тој разговор, а јас сепак инсистирам да се почитуваме меѓу себе и договорите што ќе ги постигнеме да се почитуваат. Ако измрдуваме од тие договори уште сега кога треба да почнеме да ја тераме работата, не знам до каде ќе стасаме, мислам не е во ред.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Мислам нема потреба од недоразбирање, јас се согласувам онака како што беше кажано и од господинот Аце Коцевски и од претседателот. Мислам дека ова беше еден добар почеток на она што треба да претходи во наредниот период на двата нивоа и во рамките на Собранието и на политичко ниво. Јас не знам што треба појасно да се каже.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мислам дека самото тоа што се собравме и разговаравме за проблемите значи почеток на тој дијалог.

Молам секретарот да помине на поединечно гласање.

Господинот Минов бара процедурално, само немојте за истата работа, ве молам.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Го користам деловничкото право да објаснам како ќе гласам кога ќе гласам. Навистина сум со една доза на расположение и задоволство од претходно изјаснетото од координаторите на пратеничките групи на СДСМ и ЛДП. Сметам дека треба да се има исти критериуми колку е важно донесувањето на законот за државата исто така во некои моменти и поважно афирмацијата и положбата како и статусот на опозицијата и тоа е интерес и на државата и на граѓаните на Република Македонија. Во конкретниот случај целосно се согласувам со начелна та договореност за политичка соработка и јас како пратеник од општина Кавадарци ќе гласам за овој закон во функција на претходното од аспект на моја увереност врз база на претходното дека при утврдувањето на дневниот ред за наредната седница која е по оваа точка ќе биде усвоена точката Информација за актуелните проблеми при откупот и исплатата на грозјето која исто така не беше усвоена од едно слично такво изјаснување кое беше со мајоризација од парламентарното мнозинство, а тоа е исто така од државен интерес за граѓаните на општина Кавадарци и за сите од Јужна Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Користејќи го истото деловничко право сакам да го истакнам следното:

I/10.-

На гласањето со рака се изјаснив за законот и повторно ќе се изјаснам на ова гласање "за" од причини што немам забелешки на Предлогот на законот и мислам дека тој треба да се донесе. Гласајќи по законот веднаш сакам да кажам дека нема да гласам по условите кои беа поставени, односно не прифаќам како пратеник да бидам инструментализиран од една опасна политичка уцена на една пратеничка група која нема никакви забелешки по законот, меѓутоа, ќе го гласа само за да отпочне процес на други политички преговарања, како што беше кажано, на највисоко ниво со мојата пратеничка група.

Согласно Уставот јас гласам по совест во ова Собрание и ги претставувам интересите и програмата за која сум избран. Мојот глас "за" не значи дека во иднина ќе почитувам некаков договор со контра услуга на некоја пратеничка група која наводно сега ќе ги даде гласовите само за да добие, во иднина, концесија на друго поле. Апсолутно таквиот начин на договор го одбивам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не таков договор воопшто немаше. Никој не уценува со усвојување или неусвојување на некои точки. Јас реков, веднаш интервенирав кога г-дин Минов говореше за Информацијата за откупот на грозјето, дека тоа нема врска со оваа точка за која расправаме на дневниов ред.

Г-дин Симјановски, деловничка интервенција.

(Реакција на некои од пратениците)

Ве молам, деловничко право е на секој пратеник да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Да, точно така како што истакна претседателот, го користам тоа право да го кажам мојот став дека под вакви околности, под вакви услови ќе го дадам својот глас за овој закон, отфрлајќи ги сите оние инструменти кои ги кажам мојот претходник бидејќи навистина овој договор е договор не само за овој закон, туку во иднина за сите оние норми кои ќе треба Македонија како држава да ги заокружи.

И, да потсетам, зошто немавме дискусии по завршниот текст на овој закон. Цениме дека самиот закон и проблематиката која се тангира во него е навистина и за прв пат изградена , направена по онакви норми по кои можат останати законски проекти само да посакаат да бидат направени, поздравувајќи го комплетно стручниот тим кој го изготвуваше и морам да истакнам дека сето тоа е направено со сесрдна поддршка и на повеќе стопански субјекти. Користени се искуства и од Европа, европски стручњаци, така да во целост законскиот проект е само за поздравување.

Благодарам.

II/2.-

Г-дин Најдовски бара збор.
Се откажувате.
Има збор г-дин Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Ние имаме деловничко право да кажеме како ќе гласаме и се разбира по убедувањето на пратеникот, ќе каже дека ќе гласа по овој закон или нема да гласа и се разбира поединечно по секој проблем.

Инаку, основа по која е можно политичко договарање, се разбира, е Уставот на Република Македонија, а прашањето околу некое консенсензуално договарање околу државните интереси на република Македонија се кажани во Уставот на Република Македонија,а претставничкиот дом Парламентот на Република Македонија нуди механизми кои биле достапни и досега, ќе бидат, се разбира достапни и понатаму, било да е тоа пратеничка група или пратеник, по своја совест, по свое убедување преку тој механизам и чинот на гласањето каже како ќе гласа по одреден предлог на закон, пред се, Предлог на закон затоа што ова е законодавен дом.

Според тоа, бидејќи на дневен ред го имаме Предлогот на законот за донесување на извршна постапка која што во јавност наназад пет , шетст месеци секогаш и секојдневно се потенцираше потребата за донесување што побрзо, на овој закон , во интерес на граѓаните, на стопанствениците, во интерес на банкарите, во интерес на граѓанинот кој што и сега не следи, треба да се изјасниме само по овој предлог дали ќе гласаме или не.

Деловничкото право го користам, кажав , со високо кренатa рака по овој закон дека ќе гласам и по поединечното гласање нема промена повторно ќе гласам за него. Доколку дојде на дневен ред друга точка механизмот е јасен со чинот на кревањето на рака, за, против и воздржани ќе се видиме повторно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, секретарот да започне со поединечно изјаснување.

II/3.-

**ГОРЃИ СТРЕЗОСКИ:**

| | |
|---|---|
| Фаик Абди | за |
| Газменд Ајдарага | за |
| Јане Ангелоски | за |
| Абдурахман Алити | за |
| Стојан Андов | не е тука |
| Бранко Арсовски | за |
| Горѓи Атанасов | за |
| Амди Бајрам | за |
| Љупчо Беличев | за |
| Рубинчо Белчевски | за |
| Мерсел Биљали | не е тука |
| Игнатие Богдановски | за |
| Слободан Богдановски | за |
| Иван Бојков | за |
| Јордан Божиновски | за |
| Атанас Вангелов | за |
| Абдуљади Вејсели | за |
| Кире Видимче | не е тука |
| Димитрија Вревезоски | за |
| Александар Гештаковски | за |
| Илија Гоцевски | за |
| Туше Гошев | за |
| Владе Давитковски | за |
| Санде Давчев | не е тука |
| Слободан Даневски | за |
| Лазар Димов | не е тука |
| Драган Горѓиев | за |
| Сами Ибраими | не е тука |
| Љубисав Иванов | не е тука |
| Мирко Иванов | за |
| Александар Ивановски | за |
| Јаким Ивановски | за |
| Митко Илиевски | за |
| Александар Јакимовски | за |
| Живко Јанкуловски | за |
| Зеќир Кадриу | за |
| Звонко Каров | за |
| Илија Каров | за |
| Стојче Ковачевски | за |
| Борис Костаќев | не е тука |
| Славко Котевски | за |
| Марјан Котлар | не е тука |
| Аце Коцевски | за |

II/4.-

| | |
|---|---|
| Зоран Крстевски | не е тука |
| Ратка Куљан Зогравска | за |
| Јован Лазарев | за |
| Мирко Лазаревски | за |
| Персида Малинска | за |
| Назми Маљичи | не е тука |
| Ристо Марковски | за |
| Ристо Масев | за |
| Љупчо Мешков | за |
| Дане Милошевски | за |
| Панчо Минов | за |
| Драган Митевски | за |
| Илинка Митрева | не е тука |
| Бранирод Михајловски | не е тука |
| Џеладин Мурати | за |
| Ферид Мусовски | за |
| Слободан Најдрвски | за |
| Панче Насев | не е тука |
| Димче Настоски | не е тука |
| Славе Наумовски | за |
| Ване Наумовски | за |
| Симон Наумовски | не е тука |
| Марјан Начевски | за |
| Јован Николов | за |
| Душан Николовски | за |
| Ристо Николовски | за |
| Борис Павлов | за |
| Тодосија Паунов | не е тука |
| Тито Петковски | за |
| Мирко Пецов | за |
| Драгољуб Поповиќ | за |
| Димитрија Поповски | не е тука |
| Љубомир Поповски | за |
| Никола Г. Поповски | за |
| Никола Р. Поповски | за |
| Абдурауф Пруси | не е тука |
| Наци Пурде | за |
| Исмет Рамадани | не е тука |

II/5.-

| | |
|---|---|
| Сали Рамадани | против |
| Хисен Рамадани за | за |
| Митко Ристевски за | за |
| Нано Ружин | не е тука |
| Благоја Силјановски | не е тука |
| Наум Симјановски | за |
| Владимир Соколовски | за |
| Кирил Спасовски | за |
| Јован Србиновски | за |
| Владимир Станковски | за |
| Наќе Стојановски | за |
| Пецо Стојановски | за |
| Томислав Стојановски | за |
| Благој Стефановски | за |
| Благоја Стојковски | за |
| Здравко Стојковски | за |
| Ризван Сулејмани | за |
| Мевљан-Таири | за |
| Вељо Тантаров | за |
| Зоре Темелковски | за |
| Петар Талимциоски | за |
| Николина Трајановска | за |
| Петре Трајановски | за |
| Милчо Трајков | за |
| Ристо Трајков | за |
| Мирко Трипуновски | за |
| Димитар Трпеновски | не е тука |
| Рами Туда | не е тука |
| Блаже Филиповски | за |
| Сејфедин Харуни | за |
| Кенан Хасипи | за |
| Љубомир Чадиковски | не е тука |
| Славчо Чапов | за |
| Ванчо Чифлиганец | не е тука |
| Санде Џамбазоски | за |
| Арбен Џафери | не е тука |
| Алил Џафероски | за |
| Зоран Шапуриќ | за |
| Хисни Шаќири | воздржан |

II/6.-

Дали има некој да не е прозиван? (Не) Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Вкупно гласале 94 пратеници, од кои 92 се за; 1 против и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршната постапка.

Точка 21-Предлог за одземање на мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија, Арбен Џафери.

Бидејќи го заклучив претресот, минуваме на гласање.

Кој е за предлогот на пратеникот Арбен Џафери , молам да му се одземе мандатот.

Процедурално, г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, една одлука и едно прашање кои што без потреба се исполитизираа и мислам дека ова треба да биде пример кога не треба воопшто да спомнуваме ниту име ниту презиме, ниту политичка припадност на пратеник кој што повеќе од шест месеци не доаѓа на седници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, Вие имате право да кажете само како ќе гласате и зошто така ќе гласате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Имам право да кажам, барам пратениците да го почитуваат Уставот на оваа држава.

Ве, не Ве молам, немојте да вршите влијание на пратени- ците, за тоа немате право. Тоа немате право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се гласам за затоа што сум предлагач и практично моето интервенирање, барам поддршка од десет пратеника за да се гласа поединечно бидејќи се работи за принципиелна одлука воопшто, не гледам политика во ова.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, тоа можете, според деловникот само доколку се сомневате во гласањето, а ние сеуште не сме гласале.

Г-дин Коцевски деловничка интервенција.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, заради деловникот, не е деловничка, туку го користам деловничкото право да кажам како јас лично ќе гласам, ако имам право тоа да биде во име на пратеничката група на ЛДП. Бидејки во јавноста кај одредени луѓе се стекнаа погрешни впечатоци после изјавата на почитуваниот претседател на Собранието дека пратеничката група на ЛДП се изјаснила односно најавила дека нема да гласа за одземање на мандатот на пратеникот Арбен Џафери, ја давам следната изјава дека Пратеничката група на ЛДП ќе гласа за од- земање на мандатот на пратеникот Арбен Џафери од следните причини.

Прво, иако го почитуваме право од мотиви од политичка природа да се бојкотира работата на највисокиот законодавен дом, сепак сметаме дека има граница каде што настанува конфликт односно судир со

постоечките уставни и законски норми во нашата држава, а тоа се ограничувањата на Уставот кој мора да се почитуваат дека доколку пратеникот не присуствува во работата на Собранието повеќе од шест месеци од неоправдани причини треба да му се одземе мандатот, а за да нема политички злоупотреби уставотворецот тука предвидел норматив за таа одлука да гласаат најмалку 80 пратеници од постоечкиот состав на Собранието.

Значи, заради почитување на уставните одредби сметаме дека се создадени услови за одземање на мандатот на пратеникот Џафери затоа што сметаме дека право и обврска на секој од пратениците во Собранието на Република Македонија е да присуствуваат на седниците на Собранието, тука да ја водат политичката борба, да ги соочуваат и ги спротивставуваат политичките ставови во рамките на институциите на системот и друга причина поради која ќе гласаме за одземање на мандатот на пратеникот Арбен Џафери е неговите обиди преку давањето на изјави после Гостиварските настани во врска со наводната митност односно мистичност на македонците односно за непостоењето на македонската нација, со што сакајќи или несакајки шири меѓу национална омраза меѓу граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, само еден момент, бидејќи г-динот Коцевски кажа, се создаде впечаток во јавноста за односот на Пратеничката група на ЛДП по однос на ова прашање, јас тоа го прифаќам бидејќи на 74-та седница единствен говорник од Пратеничката група на ЛДП беше г-динот Даневски кој меѓу другото кажа " Собранието не му го даде мандатот на пратеникот, ниту може да му го одземе". Се согласувам со Вас дека е создаден таков впечаток, а ниту еден не стана од Пратеничката група

II/9.-

На ЛДП тоа да го демантира или да го негира.

Г-дин Туше Гошев, деловничка интервенција.

И, се согласувам дека е тоа впечаток, но сега се разјаснивме.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, ние од секогаш се трудиме да го испочитуваме правниот поредок во Уставот на Република Македонија и поаѓајќи од членот 51 од Уставот каде што кажува дека секој треба да го почитува Уставот и законите и аналогно на членот 65 став 3 каде се вели на пратеникот може да му се одземе мандатот кога е осуден за кривично дело или друго казниво дело што го прави недостоен за вршењето на функцијата пратеник како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци.

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (продолжение)

На пратеник може да му биде одземен мандатот кога е осуден за кривично дело, или друго казниво дело што го прави недостоен за вршењето на функцијата пратеник како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци. Заради остварување на правниот поредок во Република Македонија ние ќе гласаме да му се одземе мандатот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Ссапи Рамадани има деловничка интервенција, односно да каже како ќе гласа и зошто така ќе гласа. Единствено тоа го дозволува Деловникот, бидејќи расправата ја заклучивме.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска претседавачот веќе прејудицираше како да зборувам јас на говорница, па затоа нема да држам предавање, тоа беше веќе одржано тука. Спрема Уставот отповикување на пратеникот веќе сега нема. Порано беше со една третина на потписи, петиција, сега веќе нема. Значи мандатот на пратеникот освен спрема уставните одредби како што е предвидено нема сила која може да му го одземе мандатот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете го Вие тоа. Кажете вие како ќе гласате.

**САПИ РАМАДАНИ:**

Ве молам оставете ме на мира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како да Ве оставам на мира, па јас сум за тоа тука.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не само што немате право да му одземете мандат затоа што Арбен Џафери, претседател на мојата партија на Демократската партија на Албанците е пратеник со мандат избран од народот. И нему немаат ниту морална, ниту законско, ниту уставно право мнозинството на пратеници во ова Собрание кои немаат за себе мандат, да му го одземат мандатот. Како ќе гласам? Јас лично не можам ниту да гледам, да бидам во салата кога ќе се гласа за одземање на мандатот на пратеникот Арбен

Џафери. Моите колеги пратеници најверојатно најмалку ќе гласаат против. Меѓутоа, на демонстративен начин протестирам најостро и за време на самото гласање нема да бидам присутен во салата.

Благодарам. Арбен Џафери останува и понатаму пратеник во Собранието на Република Македонија без оглед на исходот кој ќе биде покажан во самото Собрание.

(пратеникот Сали Рамадани ја напушта собраниската сапа).

**ПАНЧО МИНОВ:**

Најпрво треба да го опомените г-динот и не треба да му дадете збор бидејќи овде се зборува на македонски јазик како службен јазик.

Инаку сакам да го демантирам претседателот на Собранието што кажа дека по предлогот на одлуката за одземање на мандат зборувал само Слободан Даневски, од Пратеничката група на Либерално-демократската партија. јас бев прв говорник и во својство на известител на Комисијата и во својство на предлагач и во својство на пратеник на пратеничката група на Либерално-демократската партија каде што беше основна дикцијата дека манастот е даден, но да се присуствува, работи и одлучува во Собранието, а во конкретниот случај имаме фрапантен многу временски период на отсутност од присуство, работа и одлучување во Собранието и со тоа загрозување на функцијата на пратеник, кој што има права, обврски и одговорности од застапување на интересите, правата, и потребите на самите избирачи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се согласувам. Може да се свати така, макар што вие бевте во својство на известител на Комисијата. Добро прифаќам, пратеник сте од Либерално- демократската партија.

Молам, кој е за предлогот на пратеникот Арбен Џафери да му биде одземен мандатот да крене рака?

78 пратеници гласаа за.

Има ли некој против? (9)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието не му го одзема мандатот на пратеникот Арбен Џафери.

III/3.-

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас се сомневам во исправноста на гласањето. Барам поддршка од 10 пратеници да се гласа поединечно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи има поддршка од 10 пратеници, го молам секретарот да помине на поединечно изјаснување.

**ГОРГИ СТРЕЗОСКИ:**

ФАИКАБДИ - за

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА - против

АБДУРАХМАН АЛИТИ - не е тука

ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ - за

СТОЈАН АНДОВ - не е тука

БРАНКО АРСОВСКИ - за

ГОРГИ АТАНАСОВ- за

АМДИ БАЈРАМ - за

ЉУБЧО БЕЛИЧЕВ - за

РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ - за

МЕРСЕЛ БИЛАЛИ - не е тука

ИГНАТИЕ БОГДАНОСКИ - за

СЛОБОДАН БОГДАНОСКИ - за

ИВАН БОЈКОВ - за

ЈОРДАН БОЖИНОСКИ - за

АТАНАС ВАНГЕЛОВ - за

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - не е тука

КИРЕ ВИДИМЧЕ -неетука

ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ - за

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОСКИ - за

ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ-за

ТУШЕ ГОШЕВ - за

ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ - за

САНДЕ ДАВЧЕВ - не е тука

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ – за

ЛАЗАР ДИМОВ - не е тука

III/4.-

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ - за

САМИ ИБРАХИМИ - не е тука

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - не е тука

МИРКО ИВАНОВ - за

АЛЕКСАНДАР ИВАНОСКИ - за

ЈАЌИМ ИВАНОВСКИ - за

МИТКО ИЛИЕВСКИ - за

АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ - за

ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ - за

ЗЕЌИР КАДРИУ - против

ЗВОНКО КАРОВ - за

ИЛИЈА КАРОВ - за

СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ - за

БОРИС КОСТАЌЕВ - не е тука

СЛАВКО КОТЕВСКИ - за

МАРЈАН КОТЛАР - не е тука

АЦЕ КОЦЕВСКИ - за

ЗОРАН КРСТЕВСКИ - не е тука

РАТКА КУЉАН - ЗОГРАФСКА - за

ЈОВАН ЛАЗАРЕВ - за

МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ - за

ПЕРСИДА МАЛИНСКА - за

НАЗМИ МАЛИЧИ –не е тука

ИСТО МАРКОВСКИ – за

РИСТО МАСЕВ - за

ЉУПЧО МЕШКОВ - за

ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ - за

ПАНЧО МИНОВ - за

ДРАГАН МИТЕВСКИ - за

ИЛИНКА МИТРЕВА- не е тука

БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ не е тука

ЏЕЛАДИН МУРАТИ - против

ФЕРИД МУСОСКИ - за

III/5.-

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ - за

ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука

ДИМЧЕ НАСТОСКИ - не е тука

СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е тука

ВАНЕ НАУМОСКИ – за

СИМОН НАУМОСКИ - не е тука

МАРЈАН НАЧЕСКИ - за

ЈОВАН НИКОЛОВ - за

ДУШАН НИКОЛОВСКИ - за

РИСТО НИКОЛОСКИ - за

БОРИС ПАВЛОВ - за

ТОДОСИЈА ПАУНОВ - не е тука

ТИТО ПЕТКОВСКИ - за

МИРКО ПЕЦОВ - за

ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ - за

ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ - не е тука

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - за

НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ - за

НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ - за

АБДУРАУФ ПРУСИ - не е тука

НАЏИ ПУРДЕ - против

ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука

САЛИ РАМАДАНИ - не е тука

ХИСЕН РАМАДАНИ - против

МИТКО РИСТЕВСКИ – за

НАНО РУЖИН - не е тука

БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ - не е тука

НАУМ СИМЈАНОВСКИ - за

ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ - за

КИРИЛ СПАСОВСКИ - за Ј

ОВАН СРБИНОВСКИ – за

ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ - за

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - за

III/6.-

ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ - за

ОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - за

БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ - за

БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ - за З

ДРАВКО СТОЈКОВСКИ – за

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - не е тука

МЕВЉАН ТАИРИ - не е тука

ВЕЉО ТАНТАРОВ - за

ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - за

ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ - за

НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА - за

ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - за МИЛЧО ТРАЈКОВ - за

РИСТО ТРАЈКОВ - за МИРКО ТРИПУНОСКИ - за

ДИМИТАР Т РПЕНОСКИ - за РАМИ ТУДА не е тука

БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ - за СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - против

КЕНАН ХАСИПИ - не е тука

ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ - не е тука

СЛАВЧО ЧАПОВ - за

ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - за

САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ - за

РБЕН ЏАФЕРИ - не е тука

АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ – за

ЗОРАН ШАПУРИЌ - за

ХИСНИ ШАЌИРИ - против

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 88 пратеници.

81 пратеник гласал за

против 7.

III/7.-

Констатирам дека Собранието му го одзеде мандатот на пратеникот во Собранието на Република Македонија Арбен Џафери.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,5 часот.)